

***Тони Шанац Михајловски***

Неспособна патолошка елита, заслепена од сопственото блескање направи од Македонија црна дупка за која се препорачува да се избегне по секоја цена.

**Создадоа троимено Ништо во кое владее глупоста, незнаењето, омразата, поделбата, криминалот, неправдата, простотилакот, и Ковид-19.**

Не само што нема да сакаат да влезат во оваа црна дупка, не само што ќе не заобиколуваат, туку ќе ни забранат и да излеземе од неа. Ќе не пломбираат.Како да сме зомби резерват, или карантин држава со вирус на власт. Не е исклучено сите заразени во светот да ги сместат и изолираат овде.

Додека гледаме како сите влади, народи и земји се справија со пандемијата, или навистина ја имаат под контрола, ние не знаеме кој бран не дави и до кога ќе трае оваа агонија.

Ама затоа гледаме дека ги поминуваме сите кругови на пеколот, со сите катови, демони, џинови, пољани и појаси и сега треба само да се спуштиме низ грбот на ѕверот, и готово, спасени сме.